РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 818/7
02.07 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 31 седница одржана на 02.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Бизнис администрација", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис администрација", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по економски науки, насока: Бизнис администрација /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Economic Sciences, Field: Business administration..
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки, Научно – истражувачко поле: 5.02 – Економија и бизнис, Научно - истражувачко област:. 5.02.00.03 Менаџмент и бизнис, 5.02.00.04 Дигитален бизнис, 5.02.00.05 Маркетинг, 5.02.00.09 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Абдулменаф Беџети, проф. д-р Бесник Фетаи, проф. д-р Јетон Мазлами, проф. д-р Хирије Абази Алили, проф. д-р Фатмир Бесими, проф. д-р Руфи Османи, проф. д-р Шенај Хаџимустафа, проф. д-р Фитим Деари, проф. д-р Селајдин Абдули, проф. д-р Мирољуб Шукаров, проф. д-р Неџби Весели.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08-1611/4 од 29.08.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Бизнис администрација", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-3565/1 од 18.10.2024 година (наш бр. 08 - 818/1 од 28.10.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 16-та седницата одржана на 04.11.2024 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 818/6 од 03.06.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 31-та седница одржана на 02.06.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Гуровски